Во изминатите повеќе од шеесет години Скопски пазар има оформено и уредено повеќе пазаришни капацитети..Компанијата управува соÂ13 зелени пазари со капацитет од околу 2.900 продажни места-тезги.

## ЦЕНОВНИК ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ МЕСТА - ТЕЗГИ ПОД ЗАКУП

**Бит-пазар** е главниот снабдувачки центар во Скопје и најголем пазар воопшто во Република Македонија. Сместен во стариот дел на градот на левата страна на реката Вардар, Бит-пазар продолжува да ги негува старите и богати трговски традиции од минатото. Тука с è уште се среќаваат трагите на Ориентот, кои асоцираат на едно минато, носталгично време. Преполнет со стотоци продавачки тезги на кои се изложува многубројна стока за широка потрошувачка од домашно производство, но и стоки од најдалечните краеви на светот, овој пазар беше, е и во иднина ќе биде понудувач на најквалитетна, најевтина и најсвежа стока за исхрана на градот. Овде граѓаните можат да купат с è што ќе посакаат на едно место.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Чаир** ги опслужува граѓаните од населбите Чаир, Топанско Поле и дел од населбата Железара.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Тафталиџе** ги снабдува граѓаните од населбата Тафталиџе I и II, Трнодол, како и дел од населбата Карпош.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Буњаковец** снабдува дел од жителите на централното градско подрачје, Буњаковец и Дебар Маало.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Зелен Пазар** ги опслужува жителите од централното градско подрачје, како и дел од Кисела Вода, Пржино и Капиштец.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Драчево** ги снабдува жителите од населбата Драчево и околните места.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Методија Андонов-Ченто** ги снабдува жителите од населбите Методија Андонов - Ченто, Стајковци, Инџиково и околните места.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**ПазаротÂво Ѓорче Петров** ги снабдува жителите од населбата Ѓорче Петров, Влае, Сарај, како и дел од жителите на Карпош и околните места.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Јане Сандански** ги снабдува жителите на населбата Јане Сандански, Лисиче и околните места.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Шуто Оризари** ги снабдува жителите на населбата Шуто Оризари, како и дел од Топанско Поле и околните места.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Бутел** ги опслужува жителите на населбата Бутел и околните места.
**Работно време од: 07:30 часот до: 21:30 часот.**

**Пазарот во Автокоманда** ги снабдува жителите на населбата Автокоманда, како и дел од жителите на Железара, Керамидница и на други места. **Раб отно време од: 08:00 часот до: 20:00 часот.**

Современиот начин на живеење и потребите на граѓаните налагаат потреба од изнаоѓање решенија за зголемување на бројот на пазарите. Несомнено, основниот стремеж на Скопски пазар АД е секој значаен урбан дел од Скопје да добие свој зелен пазар. Во таа насока Друштвото предвидува изградба на нови модерни, современи снабдувачки центри и модернизирање и осовременување на постоечките центри. Пазарните комплекси што ги има речиси во сите населби на Скопје се модерни пазари, секогаш во близина на граѓаните, со квалитетна понуда по поволни цени. Современиот Скопски пазар претставува и место пријатно за забава, за одмор и за наплив на староградски евокации. Дополнителен шарм на пазарите - покрај продажните тезги - им даваат и другите придружни објекти: кафеани, слаткарници, сендвичари, чајџилници, фонтани, бројни продавници. Тие на пазарот му даваат особена специфика. Сето тоа прави пријатен амбиент во кој со часови може да се престојува.